

ВТОР МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ЗА ПАТИШТА 2022

**4. ПРИЈАВУВАЊЕ**

Пријавување на учесниците на конгресот (со и без труд), се врши со праќање на потребните податоци (име и презиме на учесникот, податоци за компанијата / институцијата: име, град, контакт телефон, e-mail), се врши на мејлот а конгресот: congress@mare.org.mk

**Рок за пријавување на учесници е до 31.10.2022 год.**

Вториот Македонски конгрес за патишта ќе се одржи во хотелот „Double Tree by HILTON“ во Скопје.



Ги повикуваме сите домашни и странски компании да ја поддржат организацијата на Вториот Македонски конгрес за патишта 2022, со што воедно и ќе се промовираат пред Македонската и меѓународната стручна јавност од областа на патиштата.

Воедно, овој Втор Македонски конгрес за патишта 2022 треба да биде континуитет на првиот конгрес кој се одржа во 2019 год. и ќе претставува голем научно – стручен собир на сите авторитети од областа на патиштата не само од Македонија, туку и од регионот и Европа.

Актуелниот инвестициски циклус во патната инфраструктура кој се одвива во РС Македонија во висина од преку 1 млрд евра, претставува можност за сите компании преку промоција и реклама да бидат застапени и на овој пазар.

Одбирањето на еден од спонзорските пакети, ја прави Вашата компанија препознатлива на пазарот и Ви овозможува да бидете поблиску до Вашите клиенти.

ВТОР МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ЗА ПАТИШТА 2022

**КОНТАКТ**
Друштвото за патишта на Македонија „Via Vita“ (Градежен факултет), П. Фах 560
Бул. „Партизански одреди“ бр. 24, 1000 Скопје
www.congress.mare.org.mk
contact@congress.mare.org.mk

# ВТОР МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ЗА ПАТИШТА 2022

3-4 ноември 2022

Skopje, Macedonia
Double Tree by HILTON



congress.mare.org.mk









*Почитувани колешки и колеги инженери,*

**ВТОР МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ЗА ПАТИШТА 2022**

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да учествувате на **Вториот Македонски Конгрес за патишта**, кој ќе се одржи на **3-4 ноември 2022** година во **Скопје**, во хотелот **„Double Tree by HILTON“**.

По успешната организација на Првиот Македонски конгрес за патишта во 2019 година, на кој имаше околу 350 учесници од 16 земји од Европа, со повеќе од 60 научни трудови, очекуваме овој Втор Македонски конгрес за патишта да претставува успешно продолжување на една традиција во организација на вакви врвни научно – стручни собири.

Воедно, овој Втор Македонски конгрес за патишта 2022 треба да биде голем регионален собир на сите авторитети од областа на патиштата и тоа не само од соседните земји, туку и од Европа.

Овој Втор Македонски конгрес за патишта се организира во чест на големиот јубилеј, 55 година од основање на Друштвото за патишта на Република Македонија.

Вториот Македонски Конгрес за патишта го организира Друштвото за патишта на Македонија (ДПМ), а во коорганизација со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје (УКИМ), Градежниот факултет од Скопје (ГФ), Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП), Јавното претпријатие за одржување на државни патишта на Македонија „Македонијапат“, Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (КОАОИ), Инженерската институција на Македонија (ИМИ) и Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП).

Во прилог на Конгресот е и големиот инвестициски циклус во патната инфраструктура кој се одвива во РС Македонија во висина од преку 1 млрд евра, изразена преку изградба на автопатишта, неколку експресни патишта и повеќе регионални патишта.

Од тука станува јасно дека изградбата на овие патишта, како и управувањето и одржувањето со нив, а секако и на постојната патна мрежа, претставува исклучително комплексна инженерско – економска задача.

Оваа исклучително одговорна задача поставена пред сегашната генерација на градежни инженери по патишта бара квалитетно планирање, проектирање и градење, базирано на најнови научно – стручни сознанија, користење на современи материјали и технологии, како и соодветна контрола и финално – адекватно управување и солидно одржување.

## 1. ТЕМИ НА ПРЕТСТОЈНИОТ ВТОР МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС ЗА ПАТИШТА СЕ:

- Планирање и проектирање
- Управување, изградба и одржување
- Безбедност на сообраќајот на патиштата
- Заштита на животната средина и одржлив развој
- Инфраструктурни објекти
- Транспортна политика и финансирање
- ITS и нови технологии во сообраќајот
- Слободни и сродни теми од областа на патиштата и презентација на нови проекти

Ги повикуваме сите домашни и странски експерти да ги презентираат своите истражувања и искуства во областа на патиштата по предвидените теми.

Научниот одбор на конгресот составен е од 38 еминентни професори и експерти од струката од 12 земји меѓу кои Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Холандија, Австрија, Чешка, Полска, Бугарија, БиХ, Албанија и Црна Гора.

**На конгресот ќе има 10 повикани предавања. Овие предавачи пред македонските инженери ќе ги презентираат нивните најнови истражувања и научни сознанија, кои треба да најдат практична примена во нашата пракса и техничка регулатива.**

## 2. РОКОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ТРУДОВИ

| | |
|---|---|
| Рок за праќање на апстракти | 5. 9. 2022 |
| Прифаќање на апстракти | 15. 9. 2022 |
| Рок за праќање трудови | 30. 9. 2022 |
| Известување за прифаќање на трудови | 15. 10. 2022 |
| Рок за пријавување на учесници | 31. 10. 2022 |
| Дата на конгресот | (3 - 4). 11. 2022 |

Пишувањето на трудови направете го **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** според темплејтот поставен на официјалната интернет страница. За дополнителни информации, обратете се на: **e-mail: congress@mare.org.mk**

## 3. КОТИЗАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА КОНГРЕСОТ

За учесниците на конгресот предвидена е котизација и тоа:

- За учесници од странство

| | |
|---|---|
| До 15. 7. 2022 | **190 €** |
| До 15. 9. 2022 | **210 €** |
| По 15. 9. 2022 | **230 €** |

- За учесници кои се членови на ДПМ и кои имаат платена членарина, следи попуст:

| | |
|---|---|
| До 15. 7. 2022 | **100 €** |
| До 15. 9. 2022 | **120 €** |
| По 15. 9. 2022 | **130 €** |

Во котизацијата е вклучено:

- Присуство на Конгресот и на сите предавања
- Примерок од печатениот Зборник на апстракти
- Примерок од Зборникот на трудови на УСБ
- Сите дополнителни конгресни и промотивни материјали
- Освежување за време на паузите предвидени со Програмата на Конгресот
- Ручеци предвидени со Програмата на Конгресот
- Свечена вечера
- Примерок од научно – стручното списание „Патишта“
- Сертификат за учество на конгресот од КОАОИ вреднуван со CPD поени

**НАПОМЕНА: ВО КОТИЗАЦИЈАТА НЕ Е ВКЛУЧЕНО ХОТЕЛСКОТО СМЕСТУВАЊЕ!**




